Претставници на институциите кои го сочинуваат Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) и на граѓанските организации беа дел од обуката што ја организираше Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и се одржа од 21 до 23 јуни 2023 година во Охрид. Обуката се одвиваше во два дела. Првиот беше посветен на безбедносните предизвици во работата со странските терористички борци-повратници и членовите на нивните семејства. Ова исто така ја вклучи Програмата за ресоцијализација, рехабилитација и реинтеграција на овие лица. Вториот дел беше посветен на моделите на следење на спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата за спречување насилен екстремизам.



Воведот за безбедносните предизвици го дадоа претставниците на институциите чие долгогодишно искуство ги обезбеди потребните информации и насоки при работењето со оваа чувствителна целна група. За време на дискусијата, учесниците се осврнаа на

улогата на семејството, верските заедници, образовните институции, полицијата, правосудните органи и сл. Беше истакнато дека еден од стандардите што се применува во работата со овие лица е индивидуалниот пристап имајќи предвид дека секој од случаите има свои специфики.

Во вториот дел, каде фокусот беше на следењето, учесниците зборуваа за потребата од набљудување и оценка и потребните чекори во тој систем. Преку презентацијата беше разјаснето кои се приоритетите и намените за кои ќе се користи набљудувањето, кои се клучните чинители на кои им е потребно набљудување и кои се клучните индикатори за постигнувањата и прогресот. Во практичниот дел, учесниците работеа на Акцискиот план на Стратегијата за спречување насилен екстремизам. Поделени во групи, тие дискутираа за три од стратешките цели од Стратегијата и започнаа со подготовката на подетален план за следење на планираните активности.



Презентациите на секоја од групите овозможија заеднички дискусии, споделување размислувања за предложените решенија и искуства од спроведувањето на претходната Стратегија.

Учесниците изразија подготвеност да продолжат со подготовката на планот за следење на Акцискиот план и по завршувањето на обуката со што би се добил подетален документ што ќе го олесни овој процес не само за Националниот комитет туку и за институциите вклучени во него како и за граѓанските организации.




Обуката беше организирана како дел од активностите на програмата „Пат кон отпорност и реинтеграција на ранливите семејства во заедницата“ (РРП) која ја спроведува МЦМС во партнерство со НЕКСУС-граѓански концепт, Иницијатива за европска перспектива, Плеиадес и Хоризон Цивитас. Програмата ја финансира Глобалниот фонд за ангажираност и отпорност на заедницата (ГЦЕРФ).